РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр. 08-6821/2
17.12 2024 год.
КАВАДАРЦИ

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за Локална самоуправа ( ,, Сл.Весник на РМ бр.5/2002), член 96 од Деловникот на Совет Општина Кавадарци (Сл. Гласник на Општина Кавадарци" 21/06) член 106 став 2 од Статутот на општина Кавадарци (,,Сл.гласник на општина Кавадарци бр.8/05,14/10,24/10,38/19) Комисијата за еднакви можности донесе

# Програма за еднакви можности на Општина Кавадарци за 2025 година

---

Програмата на Комисијата за еднакви можности е документ со кој се воспоставува сеопфатна рамка за понатамошни активности и мерки во насока на унапредување на родовата еднаквост и зајакнување на мажите и жените во локалната заедница за 2025 година

---

# 1.Вовед

Врз основа на Националната стратегија за родова еднаквост која е основен стратешки документ на Република Северна Македонија со оваа Програма се стремиме кон унапредување на состојбата на родовата еднаквост во согласност со законските обврски, регулативи и зајакнување на положбата на жената во локалната заедница.

Со оваа програма сакаме да овозможиме рамноправно учеството на мажите и жените во процесите на креирање политики на локално ниво. Главни предизвици во постигнување на родова еднаквост во општината се ниското ниво на економска активност на жените, ниското учество на жените во донесување на важни одлуки како и недостигот на родово разделена статистика во јавните институции. Предизвици со кои се соочуваат жените во општина Кавадарци се традиционалните родови улоги и стереотипи кои се провлекуваат со векови, интерсекциска дискриминација и отежнат пристап до информации, одредени услуги и високата стапка на насилство врз жените.

## 2. Анализа на состојбата

Општина Кавадарци има изработено Социјален план за 2021-2024 година каде имаме направено мапирање на состојбата жените и мажите на пазарот на трудот, жените и мажите жртви на семејно насилство, лица со попреченост, самохрани родители, жени и мажи на раководни функции во општината. Податоците од овој социјален план се доволен индикатор кој укажува на тоа кои се приоритетни цели и потреби кај мажите и жените.

Во вкупното резидентно население на Република Северна Македонија 50,4% се жени, а 49,6% се мажи.

Исто така во Општина Кавадарци се изработи Стратегија за родова еднаквост 2024-2027 година каде имаме анализа на статистички податоци кои ја покажуваат фактичката состојба и потребите во општината кои се однесуваат на мажите и жените.

Исто така во системот за евиденција на барања на граѓани во граѓанскиот информативен центар во општина Кавадарци имаме пристап до информации за тоа какви барање имаат мажите и жените, колку од нив се однесуваат на комунални дејности, колку на урбанизам, вработување, помош и друго.

Врз основа на анкетен прашалник се подготвија активностите на Програмата согласно потребите на мажите и жените од урбаните и руралните средини. Со цел да се земат во

обзир потребите на секој граѓанин и граѓанка и со потполнување на анкетата се земаа во обзир потребите на мажите и жените

## 3. Носители на програмските активности

Носител на Програмата за еднакви можности на мажите и жените на Општина Кавадарци е кординаторот за еднакви можности на Општина Кавадарци кој во соработка со членовите, Претседателот и останатите административни службеници а координаторот ќе биде одговорен за реализација на програмските активности.

## 4.Финансирање на програмата

Програмата ќе се реализира од следните извори на финансирање:

1. Буџет на Општина Кавадарци

2. Донации од приватниот сектор

## 5. Буџет и ресурси

**Извори на финансирање:**

- Буџет на Општина Кавадарци

- Донации од приватен сектор

## 6. Цели

1.Подигнување на јавната свест за родовата еднаквост и формите на дискриминација

2.Поддршка на правата на жените и мажите и борба против родова дискриминација

3.Зајакнување и поттикнување на женското претпримеништво во локалната заедница

4.Подигнување на свеста кај мажите и жените родовата еднаквост во локалната заедница

5. Создавање на здрави животни навики кај младите

6. Справување со родови стереотипи и предрасуди

## 7.Области на делување

7.1.Приоритетни области

- Женско претприемништво
- Образование и спорт
- Економска инклузија на жените и мажите
- Здравје и благосостојба
- Унапредување н аполитичката и лидерската улога на жената
- Семејство и социјални односи
- Култура
- Поставување на родови индикатори и мониторинг на напредокот

## 8.Мерки

1. Јакнење на женски бизниси, промоција на жени претприемачи
2. Економско јакнење на жените

**Активности по области**

**8.1 Приоритетна област-Женско претприменишто**
**Цел:** Создавање на поволни услови за економска независност и еднакви можности за сите

5.1.1. Едукативни работилници и настани во рамки на Советот за поддршка на женско претприемништво и работнички права на жените

5.1.2 Јавен повик за најдобар бизнис план во средните училишта за поттикнување на младинско претприемништво

5.1.3 Организирање на настан со наслов „По стапките на успешните"

5.1.4. Организирање обуки за развој на основни претприемачки вештини, како што се планирање на бизнис, маркетинг, финансиско управување, управување со човечки ресурси, продажба на пазарот на трудот

5.1.5 Подготовка на стратегија за развој на женско претприемништво во општина Кавадарци

5.1.6 Работилница за бизнис претприемништво по стапките на успешни сопственици на бизнис приказна (Zingiber)

## Индикатор за активноста

-Број на присутни учесници и учеснички на едукативните настани: најмалку 80 учесници и учеснички на сите едукативни настани

- Број на пријавени апликанти/тки на јавниот повик за најдобар бизнис план во средните училишта

- Број на пријавени мажи и жени на јавниот повик и учесници/ чки на обуките

- Број на вклучени засегнати страни во изработката на Стратегијата и таргетирани лица

## Очекуван резултат

-Обучени најмалку 80 жени  и мажи на тема Претприемништво

-Мотивирани најмалку 10 ученици, наградени 3 ученици/чки на наградниот конкурс за најдобар бизнис план

-Пријавени најмалку 20 учесници/чки на обуките

- Број на таргетирани лица согласно Стратегијата

## Таргет група

-Млади потенцијални претприемачи/чки кои сакаат да основаат сопствен бизнис и успешни жени во претприемништвото кои ќе ги споделат своите успешни приказни

- Средношколци/ки

- Млади ентузијасти кои сакаат да започнат сопствен бизнис

- Преттсавници од локална самоуправа и од бизнис секторот

## 8.1.Приоритетна област: здравје и благосостојба

**Цел:** Подобрување на пристапот до здравствена заштита за мажите и жените, со акцент на превенција и благосостојба

7.1.1 Програма за репродуктивно здравје:менструална сиромаштија, машко здравје

8.1.2 Организирање едукативни работилници во основни и средни училишта на тема „Здрави животни навики кај момчињата и девојките и справување со акни"

8.2.2. Одбележување на месец октомври и ноември- месец на машкото здравје со едукативен настан на тема за машкото здравје и месец октомври на канцер на дојка

8.2.3. Промоција на менталното здравје и превентивни програми за мажи и жени

8.2.4. Влијанието на здравјето на жените на економскиот развој (како здравјето на жените влије на нивната економска активност, семејството и општеството

8.2.5 Организирање на крводарителска акција

### Индикатори за активности

-Број на учесници и учеснички кои ќе се едуцираат и кои ќе бидат вклучени во програмата

-Број на ученици и ученички кои ќе присуствуваат на едукативните работилници

- Број на мажи и жени кои ќе се вклучат во одбележување на кампањата за машко здравје и број на присутни мажи и жени на едукативните настани

- Број на мажи и жени кои ќе присуствуваат на настаните

### Очекуван резултат

-Број на едуцирани мажи и жени, се очекува од целата програма да опфаќа околу 100 луѓе

-Едуцирани 80 ученици/чки за стекнување на здрави животни навики и справување со акните

- Едуцирани мажи и жени вклучени во кампањата за зачувување на машкото здравје

### Таргет група

-ученички од основните и средните училишта

-мажи и жени на возраст од 30-40 години

## 9.1.Област: Социјална заштита

**Цел:**Создавање на безбедна средина за мажите и жените, без толеранција на насилство од било кој вид

9.1.1 Родова анализа на корисниците на социјална поддршка за лекување и новороденче која се доделува од општината

9.1.2. Извештај за состојбата на родово базирано насиство и семејното насилство во Општина Кавадарци

9.1.3 Кампања за промоција на специјализираните услуги за жртви на родово базирано насилство

9.1.4.Поддршка на Советувалишен центар и Интервентен центар за жртви на семејно насилстви со особено внимание на жените и децата

9.1.5.Промоција на политиките за нулта толеранција за насилство во општинските институции и локалната заедница

9.1.6. Активности насочени кон подигнување на свеста за основните човекови права, промовирање на женските права и родовата еднаквост.

9.1.7 Одбележување на меѓународни датуми со цел покренување на јавната свест кај населението

- 16 дена активизам против родово-базирано насилство

-8 ми март и други

9.1.8. Организирање на „Традиционален Тиквешки базар" по повод меѓународен ден на руралната жена со учесници од урбани и рурални средини за афирмација на нивни рачни изработки и поттикнивање за основање на сопствен бизнис

9.1.9 Активности со цел покренување на свеста за лицата со попреченост

## Индикатори за активности

-Број на мажи и жени кои добиле финансиска поддршка за лекување и новороденче од буџетот на општината

-Број на мажи и жени кои пријавиле родово базирано насилство

-Процент на искористеност на буџетот за потребите на жените и потребите на мажите

-Број на учесници/чки на настаните за одбележување на меѓународни датуми важни за родовата еднаквост

-Број на пријавени учесници/чки пријавени да земат учество на базарот

- Број на лица со попреченост кои се вклучиле во активностите

## Очекувани резултати

- Рамноправност во распределбата на средствата за финансиска поддршка за лекувањеи друга помош која се доделува од општината

-Зголемен број на пријави за родово базирано насилство

- Намален број на жртви на семејно насилство

- Зголемена свест за родова еднаквост

-Одржан Тиквешки традиционален базар со најмалку 30 учеснички кои ќе ги изложат своите рачни изработки и зголемен бројот на жени

-Одржан едукативен настан за сообраќајна култура и жените во сообраќајот

## Таргет група

Жени од локалната заедница

Вработени во локалната самоуправа (раководители/ки на сектори)

Невладини организации кои работат со специјализирани услуги за родово базирано насилсто

Жени од руралните средини

Жени кои се учеснички во сообраќајот

## 10. Област: Спорт

**Цели:** Промовирање на родова еднаквост, инклузивност и справување со предизвиците со кои се соочуваат жените во спортот

10.1.1 Образовни и тренинг програми за промоција на еднакви можности во спортот

10.1.2. Бесплатни часови по пливање

10.1.3 Создавање на инклузивни спортски настани за жени од различни социјални и економски стауси, со цел да се поттикне поголема инклузивност и спортски дух

10.1.4.Организирање на женска трка

10.1.5 Работилница за родители на спортисти/ки

10.1.6 Кампања за медиумска видливост, поддршка и промоција на жените во спортот, спортистки и женски спортски тимови преку телевизиски и онлајн платформи

## Индикатори за активности

- Број на вклучени ученици/чки во часовите за пливање
- Број на пријавени учесници/чки на женска трка и
- Број на учесници/чки кои се присутни на работилницата за родители
- Број на портали и социјални медиуми каде се застапени жени спортистки

## Очекувани резултати

- Зголемување на бројот жени во спортот
- Зголемување на жени кои се рекреираат и водат здрав начин на живот
- Зголемен број на учеснички на женската трка во однос на минатата година
- Зголемена видливост на жените спортистки во медиумите

## - Таргет група

- Ученици/чки кои спортуваат и сакаат да спортуваат
- Спортисти и спортистки
- Родители

## 11. Област: Образование

- Организирање на програми за подигнување на свеста за родовата еднаквост: организирање на обуки, семинари и кампањи во образовните институции со цел да се зголеми свеста за важноста на еднаквите можности на мажите и жените
- Кампањи за поттикнување на жените за учество во STEM области (наука, технологија, инжинерство и математика)

- Организирање на ораторска вечер на тема „Жените го менуваат - мажите го движат светот?"
- Одбележување на меѓународен ден на младите со настан „Талент без граници" (Изложба на млади таленти во сферата на театарот, музиката, уметноста и технологијата )

**Индикатори за активности**

- Број на организирани работилници и тренинг сесии
- Број на учесници/чки на работилниците и тренинг сесиите
- Број на пријавени оратори на конкурсот
- Број на стипендирани девојки
- Број на пријавени учесници/чки на јавниот повик за најдобар бизнис план
- Број на пријавени таленти и учесници/чки на изложбата

**Очекувани резултати:**

- Зголемен број на учесници/чки на работилниците и тренинг сесиите
- Зголемен број на пријавени оратори кои јавно ќе зборуваат на темата за родова еднаквост
- Зголемен број на пријавени средношколци и бизнис планови
- Зголемен број на млади таленти
- Зголемен број на девојки кои се заинтересирани за STEM области

**Таргет група:**

- Ученици/ученички
- Наставници/наставнички

**12. Област: Култура**

**Цел:** Рамноправни услови и можности за учество независно од нивниот пол, со цел унапредување на учеството на жените во културниот сектор како и обебзбедување еднакви можности за изразување и творење во уметнички и културни дела

- Обележување на 21 март: светски ден на поезијата со настан „Поетски гласови за еднакви можности: прослава на поезијата и родовата праведност"
- Обележување на Св.Трифун со јавен повик за конкурс за најдобар десерт или специјалитет со вино со наслов „ Вино на женски начин, магија во секој вкус"
- Тренинг за млади земјоделци и винопроизводители и развој на вински туризам (во соработка со Тиквешки семјни винарии)

## Индикатори за активности:

- Број на пријавени поети и поетеси на одбележување на светскиот ден на поезијата
- Број на пријавени учесници/чки на јавниот повик за најдобар деликатес
- Број на пријавени учесници/чки на тренинг за млади земјоделци

## Очекувани резултати:

- Зголемен број на локални поети и писатели кои пишуваат на темата за еднаквите можности и родовата еднаквост
- Зголемен број на учесници/чки на конкурсот, разновидност на деликатеси од вино
- Зголемен број на млади земјоделци и производители на вино, подобрување на нивните вештини и знаења, развој на вински туризам, создавање на мрежа на соработници и партенрства

## Таргет група:

- Локални поети и писатели
- Жени и мажи од урбани и рурални средини
- Млади лица кои сакаат да се занимаваат со земјоделство

## 4.5. Буџет

| Активности | | Финансиски средства |
|---|---|---|
| 1. | Едукативни работилници и настани во рамки на Советот за поддршка на женско претприемништво | 10.000 |
| 2. | Јавен повик- наградa за најдобар бизнис план во средните училишта | 30,000 денари |
| 3. | Организирање настан со наслов „По стапките на успешните” | 5.000 денари |
| 4. | Организирање на обуки за развој на основни претприемачки вештини (планирање бизнис, маркетинг финансисрање, управување со човечки ресурси, продажба на пазарот на трудот) | / |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Подготовка на стратегија за развој на женско претприемништво на Општина Кавадарци | 10.000 денари |
| 5 | Работилница за бизнис претприемништво во Zingiber (пример за успешна бизнис приказна) | 10.000 денари |
| 6. | Програма за репродуктивно здравје, менструална сиромаштија, машко здравје | 20.000 денари |
| 8. | Организирање на едукативни работилници во основни и средни училишта на тема „Здрави животни навики кај момчињата и девојчињата и справување со акните” | / |
| 9. | Одбележување на месец октомври - месец на канцер на дојка и ноември- месец на машкото здравје | 8.000 денари |
| 10 | Промоција на ментално здравје и превентивни програми за мажи и жени | / |
| 12. | Едукативен настан на тема „Влијанието на здравјето на жените на економскиот развој” | 2.000 денари |
| 13. | Организирање на крводарителска акција | / |
| 14. | Родова анализа на корисниците на социјална финансиска помош за лекување и новороденче од општината | / |
| 15. | Извештај за состојбата на родово базирано насилство и семејно насилство | / |
| 16. | Кампања за промоција на специјализирани услуги за жртви на родово базирано насилство | 8.000 денари |
| 17. | Промоција на политиките за нулта толеранција за насилство во | |

| | | |
|---|---|---|
| | општинските институции и локалната заедница | 2.000 денари |
| 18 | Одбележување на меѓународни датуми за покренување свест за родова еднаквост, спречување на насилство (8 ми март, 16 дена активизам против родово базирано насилство, ден на човекови права...) | 3.000 денари |
| 19 | Организирање на Традиционален Тиквешки саем на локални производи | 10.000 денари |
| 20 | Активности со цел покренување на свеста за лицата со попреченост | / |
| 21 | Образовни и тренинг програми за промоција на еднакви можности во спортот | 5.000 денари |
| 22 | Организирање на бесплатни часови за плавање во соработка со Олимписки комитет | 5.000 денари |
| 23 | Организирање на женска трка | 15.000 денари |
| 24. | Едукативен настан за родители на спортисти/ки | / |
| 25. | Кампања за медиумска видливост , поддршка и промоција на жените во спортот | 3.000 денари |
| 26 | Организирање програми за подигнување на свеста за родова еднаквост: обуки, семинари, кампањи во образовните институции и наставните програми | / |
| 27 | Кампања за поттикнување на жените за учество во STEM области ( наука, технологија, инжинерство, математика) | 6.000 денари |
| 29 | Ораторска вечер на тема: „Жените го менуваат-мажите го движат светот" | 7.000 денари |
| 30 | Саем на млади таленти  по повод меѓународен ден на младите „Талент без граници" | 10.000 денари |
| 31 | Одбележување на 21 март: светски ден на поезијата со настан под мотото „Поетски гласови за еднакви можности- | 3.000 денари |

| | | |
|---|---|---|
| | прослава на поезијата и родовата праведност” | |
| | Конкурс за најдобар деликатес со вино по повод Св.Трифун„Вино на женски начин, магија во секој вкус” и одбележување на празникот Св. Трифун со дегустација | 10.000 денари |
| | Тренинг за млади земјоделци и производители на вино и развој на вински туризам | 10.000 денари |
| 20 | Непредвидени трошоци | 8.000 денари |
| | Вкупно: | 200.000 денари |

| Ред.бр | **Активност** | **Време на реализација** | **Носители и соработници** | **Буџет** | **Индикатори за успешност** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Едукативни работилници и настани во рамки на Советот за поддршка на женско претприемништво | во текот на цела година | Координаторка за еднакви можности<br><br>Совет на женско претприемништво | 10.000 денари | 80 жени претприемачи<br><br>20 средношколци/ки |
| 2. | Јавен повик- награда за најдобар бизнис план во средните училишта | февруари | Комисија за еднакви можности и сектор за образование | 30.000 мкд | 3 наградени ученици и бизнис планови<br><br>Број на пријавени ученици/чки на јавниот повик и Поднесени бизнис планови |
| 3. | Бизнис конференција „По стапките на успешните" | март | Бизнис сектор Координаторка за еднакви можности | .5.000 денари | Број на панелисти/ки и учесници/чки на конференцијата |
| 4. | Организирање на обуки за развој на основни претприемачки вештини(планирање бизнис, маркетинг финансисрање, управување со човечки ресурси, продажба на пазар на труд) | април | Членови на Комисијата за еднакви можности<br><br>Совет на жени претприемачи | / | Број на учесници/чки |
| 5 | Подготовка на стратегија за развој на женско претприемништво во Кавадарци | ноември | Комисија за еднакви можности<br><br>Интерсекторска група | 10.000 денари | Број на вклучени учесници/чки |
| 5. | Работилница за бизнис претприемништво во Zingiber | Февруари- март | Комисија за еднакви можности<br><br>Бизнис сектор | 10.000 денари | Број на пријавени учеснички на работилницата |
| ж<br>6. | Програма за репродуктивно здравје, менструална | Мај- ноември | Медицинско лице | 20.000 денари | Број на присутни учесњци/чки, пациенти/тки |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | сиромаштија, машко здравје | | Координаторка на Комисијата<br><br>Членови на комисијата Општинска администрација | | |
| 8 | Организирање на едукативни работилници во основни и средни училишта на тема „Здрави животни навики кај момчињата и девојчињата и справување со акните” | март | Дерматолог специјалист Координаторка за еднакви можности<br><br>Членови на Комсијата | / | Број на учесници/ки на настанот<br><br>Број на вклучени наставници/чки |
| 9. | Одбележување на месец октомври-месец на канцер на дојка и ноември-месец на машкото здравје | Октомври и ноември | Координаторка за еднакви можности<br><br>Медицински лица | 8.000 денари | Број на посетители/ки на настанот |
| 10. | Промоција на ментално здравје и превентивни програми за мажи и жени | Октомври | -Членови на Комисијата за еднакви можности<br>-Координаторка<br>- Психолог и други стручни лица | / | Број на присутни мажи и жени на промоцијата и лица кои се корисници на програмите |
| 11. | Едукативен настан на тема „Влијанието на здравјето на жените на економскиот развој” | февруари | Членови на Комисијата за еднакив можности<br><br>Невладин сектор | 2.000 денари | Број на пријавени учесници/чки на настанот |
| 12 | Организирање на крводарителска акција | март | Претседател ка Комисијата за еднакви можности | / | Број на пријавени крводарители/ки |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Координатор за еднакви можности<br><br>Црвен Крст | | |
| 13 | Родова анализа на корисниците на социјална финансиска помош за лекување и новороденче од општината | декември | Координаторка за еднакви можности | / | Број на мажи и жени кои се корисници на финансиска помош од општината |
| 14 | Извештај за состојбата на родово базирано насилство и семејно насилство | ноември | Координаторка на комисијата за еднакви можности<br>Невладин сектор<br>ЦСР | / | Број на пријавени жртви на семејно насилство |
| 15 | Кампања за промоција на специјализирани услуги за жртви на родово базирано насилство | мај | НВО<br>Координаторка | 8.000 денари | Број на вклучени учесници/чки во кампањата |
| 16 | Промоција на политиките за нулта толеранција за насилство во општинските институции и локалната заедница | јуни | НВО<br>Комисија за еднакви можности | 2.000 денари | Број на вклучени лица во промотивните активности |
| 17 | Одбележување на меѓународни датуми за покренување свест за родова еднаквост (8 март, 16 дена активизам против родово базирано насилство, ден ан човекови права, ден на менструална сиромаштија) | Јануари-декември | Комисија за еднакви можности<br><br>НВО<br><br>Општинска администрација | 3,000 денари | Број на учесници/чки во одбележување на меѓународните датуми<br><br>Број на присутни учесници/чки во одбележувањето |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 18 | Активности со цел покренување на свеста за лицата со попреченост | декември | НВО<br>ЗШУЦ Ѓорче Петров<br>Членови на Комисијата | / | Број на учесници/чки на активностите |
| 19 | Организирање на Традиционален Тиквешки саем на локални производи | октомври | НВП<br>Локални жени<br>Членови на комисијата | 10.000 | Број на пријавени учеснички |
| 20 | Образовни и тренинг програми за промоција на еднакви можности во спортот | јуни | Олимписки комитет<br><br>Координатор Сектор образование и спорт | 5.000 денари | Број на пријавени ученици/ученички на тренинг програмите<br><br>Број на пријавени настаници/чки за обука за тренинг програми |
| 20 | Организирање на женска трка | октомври | Комисија за еднакви можности<br>Сектор за образование<br>Бизнис секторот | 15.000 денари | Број на пријавени учеснички на трката |
| 21 | Едукативен настан за родители на спортисти/ки | септември | Олимписки комитет<br>Комисија за еднакви можности<br>Сектор за образование и спорт | / | Број на родители присутни за настанот |
| 22 | Кампања за медиумска видливост, поддршка и промоција на жените во спортот | Јануари-ноември | НВО<br>Сектор за образование и спорт | 3.000 денари | Број на вклучени спортисти/ки |
| 23 | Кампања за поттикнување на жените за учество во STEM области (наука, технологија, инжинерство, математика) | февруари | НВО<br>Средни училишта<br>Комисија за еднакви можности | 6.000 денари | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 24 | Ораторска вечер на тема „Жените го менуваат- мажите го движат светот” | април | Средни училишта Комисија за еднакви можности | 7.000 денари | Број на пријавни учесници/чки на ораторската вечер |
| | | | | | |
| 25 | Саем на млади таленти „Талент без граници” | мај | Средни и основни училишта Комисија за еднакви можности | 10.000 денари | Број на пријавени талентирани ученици/чки |
| 26 | Одбележување на 21 март: светски ден на поезијата со настан под мотото„Поетски гласови за еднакви можности- прослава на поезијата и родовата праведност | април | Друштво на писатели во Кавадарци<br><br>Членови на Комисијата за еднакви можности | 3.000 денари | Број на пријавени учесници/чки |
| 27 | Конкурс за најдобар деликатес со вино по повод Св.Трифун „Вино на женски начин, магија во секој вкус” и одбележување на празниот Св.Трифун со дегустација | февруари | Тиквешки семејни винарии<br><br>НВО<br>Членови на комисијата за еднакви можности | 10.000 денари | Број на пријавени за учество на конкурсот |
| | Тренинг за млади земјоделци и производители на вино и развој на вински туризам | мај | Семејна винарија ЗШУЦ Ѓорче Петров<br>ВВ Тиквеш | 10.000 денари | Број на пријавени млади учесници/чки |
| 27 | Непредвидени трошоци | | | 8.000 денари | |
| Вкупно: | | | 200.000 денари | | |

Членовите на Комисијата за еднакви можности на Советот на Општина Кавадарци и Координаторката за еднакви можности ќе бидат одговорни за следење на реализацијата на активностите кои се предвидени во Програмата и ќе даваат сугестии во однос на имплементацијата на активностите и развојот на истите.

## 5.3. Извештај за реализација на Програмата за КЕМ

За реализација на програмата ќе се изготвува наративен извештај од страна на координаторката за еднакви можности и ќе биде доставен до членовите на комисијата за еднакви можности и до Советот на општина Кавадарци.

Исто така координаторката за еднакви можности ќе изготви извештај за напредокот на мажите и жените во општина Кавадарци до Министерството за труд и социјална политика. Двата извештаи ќе бидат објавени на веб страната на општина Кавадарци.

**Распоред на Буџетски средства**

Активностите од оваа програма се финансираат со посебни ставки од Буџетот на Општината. Проектните активности се предвидени во Буџетот на Општината во Г1- програмата- поддршка на локален економски развој

**Завршни Одредби**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивањето на согласност од Советот на Општина Кавадарци

Комисија за еднакви можности
Претседател
Александар Мукаетов